СТ.10/18

ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, во отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци -во стечај, постапувајќи по предлог-трошковникот на стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип за трошоци на стечајната постапка за периодот од месец декември 2022 година до месец април 2024 година, на ден 12.08.2024 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА предлог-трошковникот за реално сторените трошоци на стечајната постапка што се води над должникот Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци -во стечај, доставен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип, на вкупен износ од 641.202,00 денари заради исплата на трошоци за периодот од месец декември 2022 година до месец април 2024 година, специфицирани во трошковник бр.27.

## О б р а з л о ж е н и е

Пред овој суд во тек е стечајна постапка отворена над имотот на стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги НОВА ЛОГИСТИК ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци - во стечај.

Во текот на постапката стечајниот управник поднесе табеларен преглед на трошоци и трошковник за намирување на тековните трошоци на стечајната постапка за периодот од декември 2022 година до месец април 2024 година, со докази кон истиот. На седница на Одборот на доверители одржана на ден 12.07.2024 година, донесена е одлука со која се одобрува предлог-пресметката за трошоци на стечајниот управник за периодот од декември 2022 година до месец април 2024 година во вкупен износ од 641.202,00 денари.

При ваква состојба, постапувајќи согласно чл.19 ст.1 т.8 в.в. чл.37 ст.1 од Законот за стечај, судот одлучи како во изреката на решението, ценејќи дека предизвиканите трошоци на стечајната постапка се неопходно потребни за водење на истата.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.10/2018 од 12.08.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение дозволена е жалба
во рок од 8 дена од денот на објавување на решението
на огласна табла на судот, преку овој суд
до Апелационен суд Скопје.

ДН. -стечаен управник
-сите доверители преку огласна табла